РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-19
30.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

Предмет: Достава на Известување од Министерство за култура и туризам

Почитуван,

Во врска со доставеното Барање до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (наш арх. бр. 03-19 од 01.08.2025 - дополнето на 10.09.2025), Ве информираме за следното:

Вашето барање за постапување во врска со повреда на авторско право, поради ненадлежност на Агенцијата беше препратено до Министерството за култура и туризам (наш арх. бр.03-19 од 11.08.2025 година).

На ден 23.12.2025 година Министерството за култура и туризам достави Известување до Агенцијата во врска со активностите кои ги презело по однос на Вашето барање за постапување и кое Известување Ви го доставуваме во прилог на овој допис.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

---------------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Прилог (1)

- Известување од Министерството за култура и туризам (наш арх. бр. 03/19 од 23.12.2025 година).

Република Северна Македонија

**Министерство за култура и туризам**

Сектор за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

Sektori i Çështjeve Normative-Administrative, të Drejtave të Autorit dhe të Drejtave të Përafërta

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 23.12.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 19 | | |

Бр. 53-7829/10
Датум: 15.12.2025 година

До: **Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Северна Македонија**

Предмет: **Известување**

Врска: **Ваше Барање за постапување заведено под УПП бр. 03-19 од 11.08.2025 година**

Почитувани,

Во врска со вашиот Допис со барање за постапување во врска со повреда на авторско право заведен под арх.бр. УПП бр.03-19 од 11.08.2025 година од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни уметности, а во врска со поднесена претставка од двајца автори – Емилијан Новески и Влада Васиќ каде е наведено дека, Здружението на музички авторски права – ЗАМП веќе две години одбива да ги земе предвид во пресметката и распределбата на авторските надоместоци програмите на Јавниот сервис: радиопрограмскиот сервис преку сателит и програмскиот сервис Радио Македонија, Министерството за култура и туризам ве известува за следново:

Министерството за култура и туризам со Барање заведено под наш арх.бр. 53-7829/2 од 29.08.2025 година се обрати до Здружението за заштита на авторски музички права – ЗАМП за детално произнесување и мислење околу распределбата на авторските надоместоци од програмите на Јавниот сервис, со можност да се достави и соодветна документација. Во врска со ова Барање, од страна на Здружението за заштита на авторски музички права – ЗАМП до Министерството за култура и туризам е доставено Известување заведено под арх.бр. 03-1190/1 од 03.10.2025 година со пропратна документација. Притоа, во однос на пресметката и распределбата на авторските надоместоци програмите на Јавниот сервис: радиопрограмскиот сервис преку сателит и програмскиот сервис Радио Македонија, наведено е дека предавателот „120 kW transmitter – TMW 21200 – S7HP – THALES“ кој некогаш го емитувал радиото „Радио Македонија“ од 2018 година бил со дефекти, а истото кулминирало со сериозен дефект од февруари 2022 година кој истиот го ставил целосно вон работа. Паралелно со тоа, овластеното лице на предметното Радио, иако не било регистрирано, ниту се емитувало на територијата на Република Северна Македонија во 2022 и 2023


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23207413
www.kultura.gov.mk

година, и ЈП МРТ до Здружението за заштита на авторски музички права – ЗАМП доставувало програми за наводно емитувани авторски музички дела на тоа радио. Понатаму, се наведува дека комисиите и органите на Здружението за заштита на авторски музички права – ЗАМП по добивањето на таквите информации, постапуваат со наводните програми на „Радио Македонија“ во согласност со член 41, став 3, точка а) од Правилникот за распределба на авторските надоместоци. Односно укажуваат дека, за распределба се земаат предвид сите собрани прогрмаи освен неверодостојните програми. Поради ваквите сомневања, како наведено во Известувањето, Здружението за заштита на авторски музички права – ЗАМП има заведено соодветни кривични постапки пред надлежните органи.

Во однос на постапувањето по предметот, Министерството за култура и туризам со Барање за информации заведено под арх.бр. 53-78289/8 од 17.10.2025 година, се обрати до ЈП Национална радиодифузија - Скопје. Од страна на Националната радиодифузија доставен е Одговор заведен под арх.бр. 03-628/2 од 28.11.2025 година, во кој е наведено дека ЈП Национална радиодифузија – Скопје не емитува преку сателит програма на Македонско Радио и Радио програма – Радио Македонија. Притоа, како наведено во Одговорот, Програмата на Македонско радио и Радио програма – Радио Македонија почнувајќи од 08.02.2022 година не се емитува преку среднобрановиот шредавател во РДО Овче Поле кој е во надлежност на Националната радиодифузија, поради дефект на Среднобрнаовиот предавател и немање на електрична енергија (дефект на трафостаница).

Во прилог на ова Известување, ви доставуваме копија од Известувањето заведено под арх.бр. 03-1190/1 од 03.10.2025 година со пропратна документација од страна на Здружението за заштита на авторски музички права – ЗАМП и Одговор заведен под арх.бр. 03-628/2 од 28.11.2025 година од страна на ЈП Национална радиодифузија – Скопје.

Со почит,

**МИНИСТЕР**

**Зоран Љутков**

Република Северна Македонија · Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за култура и туризам · Ministria e Kulturës dhe e Turizmit
Скопје-Shkup